Врз основа на член 71 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Управниот одбор на Банката на ден 20.11.2025 година ја донесе следната:

# **ОДЛУКА**

за измена и дополнување на Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во делот на услугите за правни лица

Се менува и дополнува Тарифата на надоместоци на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, со следното:

1. Се менува тарифен број 2.2.1. Месечен надоместок за одржување на платежна сметка за резиденти правни лица, во делот на одржување на мкд сметките и сметките во странска валута. Ставот а.) платежна сметка на која нема евидентирано промет, со позитивно салдо на крајот на месецот за кој се пресметува надоместокот, станува став б.) и истиот останува непроменет за мкд сметките. Следните ставови последователно ги менуваат местата. За сметките во странска валута се менува начинот на пресметка на надоместокот, наместо по број на изводи ќе се пресметува од постоечка сметка. Истото се дефинира во нов став а.) со опис платежна сметка во странска валута, а досегашните ставови а.);б.) в.) и г.) во делот на сметките во странска валута се укинуваат. Тарифниот број се менува и истиот гласи:

| **2.2.1.** | **Месечен надоместок за одржување на платежна сметка** | **МКД** | **Странска Валута** |
|---|---|---|---|
| а | Платежна сметка во странска валута | | 100 мкд |
| б | Платежна сметка на која нема евидентирано промет, со позитивно салдо на крајот на месецот за кој се пресметува надоместокот | без надоместок | |
| в | Платежна сметка која има 1 извод месечно | 390 мкд | |
| г | Платежна сметка која има до 2-10 изводи месечно | 650 мкд | |
| д | Платежна сметка која има над 10 изводи месечно | 1.300 мкд | |

Образложение: Пазарни услови и алтернатива за користење на пакети за правни лица.

2. Се менува тарифен број 3.1.1. Уплата на ефектива на платежна сметка на клиент во странска валута и став а.) од истиот тарифен број за уплата на ефектива на платежна сметка на клиент во денари до 12 часот. Тарифниот број во ставот б.) останува непроменет. Тарифата се однесува на правни лица резиденти. Тарифниот број се менува во став а). и истиот гласи:

| **3.1.1.** | **Уплата на ефектива на платежна сметка на клиентот:** | **МКД** | **Странска Валута** |
|---|---|---|---|
| | | | 0,40% мин. 500 мкд |
| а | - до 12 часот | 50 мкд | |

Образложение: Високи трошоци на надворешни институции за управување со ефективата, трошоци за вработените кои се вклучени во процесирање на овие трансакции и мотивирање на клиентите за намалување на трансакциите со ефектива и пренасочување кон безготовински трансакции. Како алтернатива се

предлага користењето на CASH IN банкоматите за мкд уплати, кои ги има до секоја постоечка експозитура и уплатата на истите е без надоместок.

3. Се менува тарифен број 5.2.2. Кредитни трансфери во странство/земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, за правни лица резиденти и предлогот е да се зголеми минимумот, тарифниот број во останатиот дел став а.) останува непроменет. Тарифниот број се менува и истиот во променетиот дел гласи:

| 5.2.2. | **Кредитни трансфери во странство/земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги** | **Интернет и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| | | 0,2% мин. 600 мкд макс. 123.000,00 мкд | 0,3% мин. 750 мкд макс. 123.000,00 мкд |

Образложение: Пазарни услови и алтернатива за користење на пакети за правни лица.

4. Се менуваат тарифни броеви во делот 27.1. Анализа на документи за идентификација на нерезидент правно лице и промената се врши во следниве точки 27.1.1 и 27.1.2 .Тарифниот број во променетите делови гласи:

| **27.** | **Анализа на документи за идентификација** | |
|---|---|---|
| 27.1. | **Анализа на документи за идентификација на нерезидент правно лице:** | |
| 27.1.1. | Правно лице со седиште на земја членка на ЕУ (со исклучок на правни лица со седиште во offshore земја - членка на ЕУ) | 50 еур во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ |
| 27.1.2. | Правно лице со седиште во offshore земја – членка на ЕУ | 100 еур во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ |

Образложение: Усогласување со актуелната пазарна околина и услови и поголемо ангажирање на ресурси.

5. Се воведува нов тарифен број 2.1.5. во делот 2.1. Отворање на платежна сметка. Истиот е со опис Анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на правни лица основани во државата каде основач/управител/вистински сопственик е лице нерезидент и клиени за кои постои висок ризик од ППиФТ согласно законска регулатива и/или Националната проценка на ризик (НРА), со надоместок од 3.000 мкд. Тарифниот број се воведува и гласи:

| **2.1.** | **Отворање на платежна сметка** | |
|---|---|---|
| 2.1.5. | Анализа на документи за воспоставување на деловен однос и ажурирање на документи на правни лица основани во државата каде основач/управител/вистински сопственик е лице нерезидент и клиени за кои постои висок ризик од ППиФТ согласно законска регулатива и/или Националната проценка на ризик (НРА), | 3.000 мкд |

Образложение: Усогласување со актуелната пазарна околина и услови и поголемо ангажирање на ресурси.

6. Се менува тарифен број 31.1. Кредитни трансфери во странство/земјата во корист на сметка кај друг давател на платежни услуги, за правни лица нерезиденти и предлогот е да се зголеми минимумот, тарифниот број во останатиот дел останува непроменет. Тарифниот број се менува во став б). и ставот гласи:

| **31.1** | **Правни лица** | **Интернет и мобилна апликација** | **Шалтер** |
|---|---|---|---|
| **б.)** | **Мегубанкарски плаќања** | 0,2% мин. 600 мкд макс. 123.000,00 мкд | 0,3% мин. 750 мкд макс. 123.000,00 мкд |

Образложение: Пазарни услови и алтернатива за користење на пакети за правни лица.

Во Тарифата ќе се направат и исправки на воочени технички грешки и терминолошки usогласувања.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Промените со оваа Одлука ќе почнат да се применуваат со почеток од 01.02.2026 година.

Одлуката се доставува до сите дирекции, експозитури и архивата на Банката.
Одлука да се објави на интернет страната на Банката и за истата да се известат клиентите на начинот уреден во актите на Банката.

УО. бр:0202/2-154/2025
20.11.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР

СКОПЈЕ
1